**Известување за концентрација со која АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., Словенија и ЦБЕ ИНВЕСТ, работење со недвижности, д.о.о., Словенија стекнуваат заедничка контрола над КУАДРО, работење со недвижности д.о.о., Словенија**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 07.07.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвата АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и ЦБЕ ИНВЕСТ, работење со недвижности, д.о.о., со седиште на Технолошки парк 20, 1000 Љубљана, Словенија стекнуваат заедничка контрола над КУАДРО, работење со недвижности д.о.о., со седиште на Технолошки парк 20, 1000 Љубљана, Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Концентрација се однесува на стекнување на заедничка контрола од АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и ЦБЕ ИНВЕСТ, работење со недвижности, д.о.о., со седиште на Технолошки парк 20, 1000 Љубљана, Словенија над КУАДРО, работење со недвижности д.о.о., со седиште на Технолошки парк 20, 1000 Љубљана, Словенија. Согласно Договорот, Подносителите ќе стекнат по 50% удел во КУАДРО, работење со недвижности д.о.о., каде моментално ЦБЕ ИНВЕСТ, работење со недвижности, д.о.о е единствен сопственик на целокупниот удел.

**АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о.** е активно во областа на управување со фондови со регистрирана дејност активности на управување со фондови.

Алфи Групата има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку:

- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје, кое е активно во трговија на големо со друга стока за домаќинства.

**ЦБЕ ИНВЕСТ** е компанија позната како професионален и доверлив партнер во проектирање, подготовка и управување со изградба на згради која обезбедува рационален, економичен и распореден пристап во сите фази на изградба. Регистрирана дејност на друштвото е изнајмување управување на сопствен/изнајмен недвижен имот.

ЦБЕ ИНВЕСТ нема поврзани друштва, подружници или претставништва и не генерира никаков приход на територијата на Република Северна Македонија.

**КУАДРО** е друштво со посебни намени (SPV) основано во 2022 година од страна на Подносителот ЦБЕ ИНВЕСТ за целите на проектот за комерцијалната зграда Quadro.

КУАДРО нема поврзани друштва, подружници или претставништва и не генерира никаков приход на територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување**.**

12.07.2023 година, Скопје